**ЗАПИСНИК**
**од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 27.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини и д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (службено патување).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2020 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за радио емитување.
3. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека Предлог-записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.01.2020 година поради технички причини, односно поради немање доволно време за изработка ќе го одложи за првото продолжение на 5-та седница кое ќе се одржи пред започнување на следната 6-та седница.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот – Шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлог-решението за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за радио емитување. Објасни дека Советот на Агенцијата на 3-та седница одржана на 15.01.2020 година покрена постапка за одземање на дозволата на РА Канал 77 поради тоа што радиодифузерот немаше извршено доплата на износот на надоместокот за дозволата за радио емитување. На 24 јануари оваа година радиодифузерот изврши доплата според износот од фактурата при што се предлага да се запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече дека во сите вакви случаи овие настани Советот ги третира како позитивни. Оттука со оваа позитивна вест овој медиум на државно ниво ќе си продолжи да работи нормално.

Советот на Агенцијата едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година.

На 24.01.2020 година, наведениот радиодифузер изврши уплата во износ од 140.814,00 (сто четириесет илјади и осумстотини и четиринаесет) денари со што радиодифузерот доплатата за годишен надоместок за дозвола за радио емитување ја плати во целост.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека посакува следната година да не се повтори овој случај и радиодифузерот прецизно да го пријави процентот за емитување на домашна музика.

**Точка 3**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр. 02-368/3**
**31.01.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**